РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр. УП-1-10-12
25. 04. 20 23 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот К Ш К, со број УП-1-10-12 од 18.04.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 25.04.2023 го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барање за пристап до информации од јавен карактер**, од К Ш К заверено под број УП-1-10-12 од 18.04.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен, **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата К Ш К, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 18.04.2023 година заверено под број УП-1-10-12 со кое побара, облик и износ општината обезбедила за локален младински совет, локалното собрание за млади, локална стратегија за млади, канцеларија за младински центар и службеник за млади.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира за следното: во Буџетот на Општина Ресен за 2022 година **не беа планирани средства** за Локален младински совет, за Локално собрание за млади, за локалнната стратегија за млади, канцеларија за млади, младински центар и службеник за млади.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**